# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ
## За период Јануари - Декември 2019 година

Алкалоид АД Скопје за периодот Јануари - Декември 2019 оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните единечен и консолидиран Биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2019 година, Алкалоид АД Скопје, направи промена во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи. Финансиските податоци се подготвени врз основа на ретроактивна примена на промена на сметководствена политика во врска со материјалните средства.

Материјалните средства иницијално се прикажуваат по нивната набавна вредност. Земјиштето е прикажано по неговата пазарна вредност врз основа на процена направена од страна на независен проценител. Останатите материјални средства се искажани по нивната набавна вредност намалена за исправката на вредност. Набавната вредност претставува фактурна вредност на набавените материјални средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот Јануари - Декември 2019 година изнесуваат 8.675.497 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2018 година бележат пораст од 10%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 97%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2018 година бележат пораст од 12%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот Јануари - Декември 2019 година изнесуваат 10.348.719 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2018 година бележат пораст од 13%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 98%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2018 година бележат пораст од 13%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот Јануари - Декември 2019 година изнесуваат 7.546.709 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2018 година бележат пораст од 8%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот Јануари - Декември 2019 година изнесуваат 10.160.408 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2018 година бележат пораст од 11%.

**Дивиденда**

На 8 Април 2019 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2018 година во износ од 458.033 илјади денари односно 320 денари бруто за една акција. Исплатената нето дивиденда во 2019 година изнесува 272 денари за една акција.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари - Декември 2019 година изнесуваат 1.091.632 илјади денари.

**Обврски по кредити**

Вкупните консолидирани обврски по кредити на 31.12.2019 година изнесуваат 779.468 илјади денари.

**Нови вработувања**

Во периодот Јануари - Декември 2019 година во Алкалоид се реализирани 218 нови вработувања во Република Северна Македонија.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот Јануари - Декември 2019 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2019 | | 2018 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **19/18** |
| Домашен пазар | 2.778.870 | 33 | 2.756.152 | 37 | 101 |
| Странски пазар | 5.649.139 | 67 | 4.749.962 | 63 | 119 |
| **Вкупно:** | **8.428.009** | **100** | **7.506.114** | **100** | **112** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2019 | | 2018 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **19/18** |
| **Домашен пазар** | **3.907.246** | **35** | **3.624.093** | **37** | **108** |
| Југоисточна Европа | 3.610.619 | 33 | 3.384.574 | 35 | 107 |
| Русија и други земји во ЗНД | 1.049.143 | 9 | 616.387 | 6 | 170 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 2.242.842 | 20 | 2.015.106 | 21 | 111 |
| Други земји (САД, Турција и др.) | 292.958 | 3 | 143.126 | 1 | 205 |
| **Вкупно странски пазари** | **7.195.562** | **65** | **6.159.193** | **63** | **117** |
| **Вкупно:** | **11.102.808** | **100** | **9.783.286** | **100** | **113** |

Од вкупните консолидирани продажби, 65% се остварени на странски пазари. Најголем пораст кај извозните пазари е остварен во следните земји: САД раст од 115%, Русија раст од 91%, Германија раст од 57%, Велика Британија раст од 56%, Романија раст од 42%, Украина раст од 35%, Бугарија раст од 16%, Косово раст од 16%, Црна Гора раст од 9%, Србија раст од 7%, Словенија раст од 7%, Хрватска 5% итн.

(Во 000 Ден)

| | 2019 | | 2018 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Групи на производи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **19/18** |
| Антибиотици | 1.714.577 | 15 | 1.411.236 | 14 | 121 |
| ОТЦ препарати | 2.443.089 | 22 | 2.109.469 | 22 | 116 |
| Кардиолошки препарати | 1.659.066 | 15 | 1.609.540 | 16 | 103 |
| Невролошки препарати | 1.466.515 | 13 | 1.294.730 | 13 | 113 |
| Останати линии | 980.586 | 9 | 913.435 | 9 | 107 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **8.263.833** | **74** | **7.338.410** | **75** | **113** |
| Трговска стока | 1.247.783 | 11 | 967.840 | 10 | 129 |
| Услуги и останати приходи | 43.957 | - | 52.372 | 1 | 84 |
| **Вкупно Фармација** | **9.555.573** | **86** | **8.358.622** | **85** | **114** |
| **Вкупно Хемија** | **257.639** | **2** | **234.042** | **2** | **110** |
| **Вкупно Козметика** | **878.221** | **8** | **898.878** | **9** | **98** |
| **Вкупно Билкарство** | **411.375** | **4** | **291.744** | **3** | **141** |
| **Вкупно:** | **11.102.808** | **100** | **9.783.286** | **100** | **113** |

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

(Во 000 Ден)

| | 2019 | | 2018 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 19/18 |
| Единечна ЕБИТДА | 1.774.492 | 21 | 1.478.890 | 20 | 120 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 1.857.857 | 17 | 1.555.517 | 16 | 119 |

**Нето добивка**

(Во 000 Ден)

| | 2019 | | 2018 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 19/18 |
| Единечна Нето добивка | 1.007.811 | 12 | 848.199 | 11 | 119 |
| Консолидирана Нето добивка | 1.015.260 | 9 | 862.411 | 9 | 118 |

Остварената единечна Нето добивка во 2019 година изнесува 1.007.811 илјади денари и во споредба со остварената во 2018 година бележи зголемување за 19%.

Остварената консолидирана Нето добивка во 2019 година изнесува 1.015.260 илјади денари и во споредба со остварената во 2018 година бележи зголемување за 18%.